Инфекции - вирусни



# Тртки

## Важни работи

- **Трткитe се вирусна инфекција на кожата**
- **Две третини од трткитe ќе исчезнат без никакво лекување во рок од две години и без да остават никакви лузни**
- **Најдобри начини на лекување се оние што не оставаат лузни, како што се премазите за тртки**

## Што се тие?

Трткитe се многу чести кај децата, а ги предизвикува вирусна инфекција. Тие ретко се јавуваат кај бебињата и кај сосем малите деца, но почесто се појавуваат како што децата растат.

Тие се тврди, испапчени дамки со боја на кожа кои имаат рапава, лушпеста површина. Нивната големина и број се разликуваат, а нови тртки се формираат на местата каде што кожата била повредена. Може да се појават на било кој дел од кожата, но кај децата најчесто се јавуваат на рацете и на колената. Трткитe на табаните на стапалата се викаат плантарни тртки. Трткитe исто така може да се јават и во форма на мали мазни дамки со боја на кожа на горниот дел од дланката или на лицето.

## Како се пренесуваат?

Трткитe се вирусна инфекција при која вирусот навлегува во површината на кожата, особено таму каде што таа веќе била повредена. Може да се пренесат преку директен допир, ако се допираат трткитe на друго лице, особено ако кожата е повредена. Исто така може да се пренесат и преку индиректен допир. Вирусот често живее на влажни места како што се дната на базените за пливање или на подовите во просториите за туширање, и може да се префати ако се оди со боси нозе низ тие места. Трткитe може да се појават и околу ноктите кај децата што ги грицкаат ноктите, или на усните кај децата што си ги цицаат прстите.

## Како може да се спречат?

Внимателно да се чистат бањите после користењето, да не се користат исти крпи за бришење, и да се покриваат трткитe на стапалата при пливањето или туширањето ќе помогне да се намали ширењето на трткитe. Покривањето на трткитe со леплива лента (фластер) може да помогне децата да престанат да ги грицкаат или да ги корнат.

## Како може да се лекуваат?

Најмалку две третини од трткитe исчезнуваат во рок од две години без

никакво лекување и без да остават никакви лузни. Поради тоа може да не биде неопходно да се лекуваат тртките.

Премазите за тртки што се продаваат во аптеките без рецепт се добри, но треба редовно да се користат во текот на неколку месеци за да се отстранат поединечните тртки. Киснењето на тртките во жешка вода пред нанесувањето на премазот за тртки, како и редовното отстранување на мртвата кожа од горниот слој на тртката овозможува премазот да навлезе во тртката.

Ако тртките станат болни или почнат да ве загрижуваат, лекарот како лекување може да понуди замрзнување со течен азот. Меѓутоа, таа постапка е болна и може да не биде погодна за мали деца. Горењето, сечењето или гребењето на тртките е помалку применуван начин на лекување кај децата и може да доведе до создавање на долгорочни лузни.

**Натамошни информации**

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.